YU ISSN 0350-6452

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА МАКЕДОНИЈА ·

10-11

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

YU ISSN 0350-6452

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

Списанието се печати со средства на Републичката заедница на културата и Друштвото на историчарите на уметноста на СРМ

Печати Граф. завод „Гоце Делчев", Скопје, Тираж 1 000 примероци

ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

ГОД. VII БР. 10—11, 1983—1984

СПИСАНИЕ НА ДРУШТВОТО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА
ОД СРМ, СКОПЈЕ

LES ARTS PLASTIQUES

Année VII № 10—11, 1983—1984

REVUE DE L'ASSOCIATION DES HISTORIENS D'ART DE LA RÉPUBLIQUE
SOCIALISTE DE MACÉDOINE, SKOPJE

Редакциски одбор:
Проф. Димче Коцо, академик
Д-р Константин Петров
Д-р Петар Миљковиќ-Пепек
Д-р Борис Петковски
Д-р Антоние Николовски
Загорка Расолковска-Николовска
| Трајан Витларски |
Јасмина Чокревска-Филип
Жарко Този

Одговорен уредник
Д-р Петар Миљковиќ-Пепек
Секретар
Загорка Расолковска-Николовска
Технички уредник
Жарко Този
Јазична редакција
Евтим Манев
Превод на француски
Анка Џурѓинова

Comité de rédaction:
Prof. Dimçe Koco, académicien
D-r Konstantin Petrov
D-r Petar Miljković-Pepek
D-r Boris Petkovski
D-r OAntonie Nikolovski
Zagorka Rasolkovska-Nikolovska
| Trajan Vitlarski |
Jasmina Čokrevska-Filip
Žarko Tozi

Rédacteur en chef
D-r Petar Miljković-Pepek
Secrétaire
Zagorka Rasolkoska-Nikolovska
Présentation graphique
Žarko Tozi
Correction des textes
Eftim Manev
traduction en français
Anka Djurčinova

Адреса: Музеј на Македонија, Скопје

adresse: Musées de Macédoine, Skopje

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА СРМ — СКОПЈЕ

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ 10–11

(1983–1984)

Скопје — Skopje
1985

СОДРЖИНА ЗА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ 10—11

## СТУДИИ, РАСПРАВИ И ПРИЛОЗИ
## ETUDES, TRAITES, CONTRIBUTIONS


КОНСТАНТИН ПЕТРОВ, Нови форми на авторските сигнатури од XIII век во нашата земја II дел од прегледот — — — — — — — — — 7
KONSTANTIN PETROV — Nouvelles formes de signatures dans les monuments du XIII^e siècle en Macédoine — — — — — — — — 7
ЦВЕТАН ГРОЗДАНОВ, За тематиката на живописот на црквата во с. Речица — Охридско — — — — — — — — — — — — — — — 19
CVETAN GROZDANOV — Sur les scènes bibliques de la peinture murale de l'église de Rečica, près d'Ohrid — — — — — — — — — — 19
ПЕТАР МИЉКОВИЌ-ПЕПЕК — ГОЦЕ АНГЕЛИЧИН, Пештерскиот храм Воведение кај Канео во Охрид — — — — — — — — — 25
PETAR MILJKOVIĆ-PEPEK — GOCE ANGELIČIN — L'église — caverne „Présentation au temple", située dans Kanéo, à Ohrid — — — — 25
ГОЦЕ АНГЕЛИЧИН, Прилог кон проучувањето на Охридскиот иконопис од XVII и XVIII век — — — — — — — — — — — — — — 37
GOCE ANGELIČIN — Une contribution à l'étude des icônes du XVII^e et XVIII^e siècles — — — — — — — — — — — — — — 37
РАДМИЛА МОМИДИЌ, Прилог кон проучувањето на сакралните објекти во македонија („Шути манастир" св. Тома с. Вардина с. Мургашево) 51
RADMILA MOMIDIĆ — Apport à l'étude des monuments sacrés en Macédoine (le monastère „Saint-Thomas" dit „Šuti manastir" des villages Vardino et Murgaševo) — — — — — — — — — — — — — — 51
ЛИДИЈА КУМБАРАЏИ-БОГОЕВИЌ, Кебир Мехмед џамија во Скопје — — 55
LIDIJA KUMBARADŽI-BOGOEVIĆ — La mosquée Kebir Mehmed Čelebi à Skopje — — — — — — — — — — — — — — — — — 55
БОРИС ЧИПАН, Огласи на градителското наследство во совремата македонска архитектура — — — — — — — — — — — — — — 65
BORIS ČIPAN — Les échos de l'héritage architectonique dans la construction moderne en Macédoine — — — — — — — — — — — — 65
ТРПА РОГАНОВИЌ, Делата на македонските ликовни уметници во збирката на Етнолошкиот музеј на Македонија — — — — — — — — — 75
TRPA ROGANOVIQ — Les oeuvres des peintres macédoniens présentées dans la collection du Musée ethnologique de Macédoine — — — — 75
ЛИЛЈАНА ХРИСТОВА, Експрсионистичките тенденции во ликовното творештво на Борислав Траиковски — — — — — — — — — — — 81
LILJANA HRISTOVA — Les tendances expressionnistes dans l'oeuvre picturale de Borislav Traïkovski — — — — — — — — — — — 81
ЗЛАТКО ТЕОДОСИЕВСКИ, Прилог кон проучувањето на творештвото на Димитар Пандилов Аврамовски — — — — — — — — — — — 91
ZLATKO TEODOSIEVSKI — Contribution à l'étude de la peinture de Dimitar Pandilov-Avramovski — — — — — — — — — — — — — 91
БОРИС ПЕТКОВСК, За творештвото на Родољуб Анастасов меѓу 1972—1984 99
BORIS PETKOVSKI — Sur la nouvelle peinture de Rodoljub Anastasov 99


## КРИТИЧКИ ОСВРТИ, ЕСЕИ
## NOTES CRITIQUES, ESSAIS


СОЊА АБАЏИЕВА-ДИМИТРОВА, Ars Erotica — — — — — — — — — 107
SONJA ABADŽIEVA-DIMITROVA — Ars erotica — — — — — — — — 107
СОЊА АБАЏИЕВА-ДИМИТРОВА, Цртежот на скулптурата во просторот (за најновиот скулпторски опус на Петар Хаџи Бошков) — — — — — — 127
SONJA ABADŽIEVA-DIMITROVA — Le dessin de la sculpture dans l'espace (sur le nouvel opus du sculpteur Petar Hadôi Boškov) — — 127
ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ, Споменичкиот комплекс „Макдониум" во Крушево — — — — — — — — — — — — — — — — — 131
VLADIMIR VELIČKOVSKI — Le complexe de monuments „Makedonium" à Kruševo — — — — — — — — — — — — — — — — — 131
ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ, Фигурацијата на Владимир Георгиевски — 141
VLADIMIR VELIČKOVSKI — La figuration de Vladimir Georgievski — — 141
ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ, Мејл-артот на Плавевски и Грчев — — — 145
VLADIMIR VELIČKOVSKI — Le mail-art de Plavevski et de Grçev — — 145
ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ, Пластичните интервенции на Симон Узуновски 149
VLADIMIR VELIČKOVSKI — Les interventions plastiques de Simon Uzunovski — — — — — — — — — — — — — — — — — — 149

ЗЛАТКО ТОДОРОВСКИ, Уметноста како акција, интервенција, хепенинг (кон уметничките акции во рамките на изложбата: „Нови појави во македонската ликовна уметност во последната деценија") — — — — 151
ZLATKO TEODOSIEVSKI — L'art en tant qu'action, intervention, happeinig (sur les actions artistiques dans le cadre l'exposition: Nouveaux aspects des arts plastiques en Macédoine au cours de la dernière décénnie. — 151

**КРИТИКИ И ПРИЛОЗИ**
**CRITIQUES, CONTRIBUTIONS**

| ТРАЈАН ВИТЛАРСКИ, | Студија „Велјуса" од Петар Миљковиќ — висок дострел во научната и конзерваторска дејност во СРМ — — — — 157
| TRAJAN VITLARSKI | —La monographie „Veljussa" de Petar Miljković, une haute réalisation de la science et de l'art de la restauration en Macédoine. — — — — — — — — — — — — — — — 157
ЗАГОРКА НИКОЛОВСКА, Цветан Грозданов, „Охридското ѕидно сликарство од XIV век" — — — — — — — — — — — — — — — 163
ZAGORKA NIKOLOVSKA — Cvetan Grozdanov „La peinture murale d'Ohrid au XIVe siècle", Ohrid, 1980 — — — — — — — — — 163
АНТОНИЕ НИКОЛОВСКИ, Борис Петковски: „Никола Мартиноски" (Култура, Скопје, 1982) — — — — — — — — — — — — — 167
ANTANIE NIKOLOVSKI — Boris Petkovski „Nikola Martinovski" (Kultura, Skopje, 1982) — — — — — — — — — — — — — 167
ВИКТОРИЈА ВАСЕВА-ДИМЕСКА, Наградата „Нерешки мајстори" — 1983 171
VIKTORIJA VASEVA-DIMESKA — Sur le prix „Les Maîtres de Nerezi" — 1983 — — — — — — — — — — — — — — — 171
БОРИС ПЕТКОВСКИ, Значаен научен труд — — — — — — — — — — 177
BORIS PETKOVSKI — L'oeuvre renommé scientifique — — — — — 177

**ХРОНИКИ**
**CHRONIQUES**

ЗАХАРИНКА АЛЕКСОВА-БАЧЕВА, Хронологија на настани од областа на македонските современи ликовни и применети уметности (јануари-декември 1982) — — — — — — — — — — — — — — — — 179
ZAHARINKA ALEKSOSKA-BAČEVA — Chronologie des évènemants du domaine des arts modernes, plastiques et appliqués en Macédoine, de janvier à décembre 1982 — — — — — — — — — — — 179
ДУШАН АВРАМОВСКИ, Ликовни манифестации во СР Македонија — — 193
DUŠAN AVRAMOVSKI — Les manifestations des arts plastiques en Macédoine — — — — — — — — — — — — — — — — — 193
АЛЕКСАНДАР ИЛИЕВСКИ, Преглед на одбранети докторски дисертации и дипломски работи на ННСГ за Историја на уметноста со археологија на Филозофскиот факултет во Скопје до 31. XII 1984 година — 201
ALEKSANDAR ILIEVSKI — Tableau chronologique des thèses de doctorat et de diplôme soutenues à NNSG d'histoire de l'art et d'archéologie, de la Faculté de philosophie à Skopje, jusqu'au 31 décembre 1984) — 201

**БИБЛИОГРАФИЈА**
**BIBLIOGRAPHIE**

НЕВЕНКА ЛАЗЕСКА, Библиографии во единцијата Современо Македонско ликовно творештво — — — — — — — — — — — — — — 209
NEVENKA LAZESKA — Les bibliographies dans l'édition des arts plastiques modernes en Macéedoine — — — — — — — — — — — 209

**ПРОМОЦИИ НА КНИГИ**
**PROMOTIONS DES LIVRES**

ХРИСТО АНДОНОВСКИ-ПОЛЈАНСКИ Промоција на книгата Акта Велуса 217
HRISTO ANDONOV-POLJAŃSKI, Promotion du livre intitulé Acta Veljusa 217

**IN MEMORIAM**

БОРИС ПЕТКОВСКИ, Лазар Трифуновиќ (1929—1983) — — — — — — — 221
BORIS PETKOVSKI — Lazar Trifunović (1929—1983) — — — — — — — 221
ЦВЕТАН ГРОЗДАНОВ, Трајан Витларски (1948—1984) — — — — — — — 225
CVETAN GROZDANOV, Trajan Vitlarski (1948—1984) — — — — — — — 225

*ДУША АВРАМОВСКИ*

# ЛИКОВНИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО СР МАКЕДОНИЈА

**Оваа информација има цел да ја презентира мрежата на музејските институции, ликовните колонии и другите организации што ја третираат историјата на уметноста и да ја прикаже состојбата на фондовите и збирките на делата од овој вид културно наследство, како и нивната презентација во сегашната фаза од развојот на ликовната и музејската дејност во СР Македонија. Исто така, во информацијата е даден кус осврт на ликовните манифестации во СР Македонија.**

Главните носители и реализатори на ликовната дејност во СР Македонија се: Музејот на современата уметност „Скопје" — Скопје, уметничките галерии во Скопје, Битола, Куманово и Штип, Центарот за култура и информации на град Скопје, Домот на младите „25 Мај" — Скопје, Изложбениот салон во НУБ „Климент Охридски", Меѓународниот центар за современа ликовна уметност — Прилеп, Светската галерија на карикатури и ликовните колонии во Струмица (интернационална), Куманово, Ресен, Титов Велес, Тетово, Гевгелија и Штип.

Значаен придонес во ликовниот живот дава и Македонската академија на науките и уметностите.

Покрај овие институции, завидни резултати во ликовната дејност остваруваат Друштвото на ликовните уметници на Македонија и Друштвото на ликовните уметници за применета уметност на Македонија со своите традиционални ликовни манифестации, Домот на ЈНА — Скопје, со организирање повремени изложби.

Во рамките на широката музејска мрежа[1] во СРМ дејствуваат и 12 музејски институции, односно: специјализиран музеј, галерии и музејски збирки чија основна функција е собирање, чување, обработу-

[1] Во СР Македонија дејствуваат 69 музејски институции (општи музеи, специјализирани музеи, уметнички галерии, меморијални музеи, музејски и галериски збирки,спомен-соби и спомен-соби во гарнизоните на ЈНА), од кои 23 се организации на здружениот труд.

вање, проучување, објавување и презентација на музејскиот материјал од областа на историјата на уметноста, како и овозможување на услови за организирање ликовни изложби и манифестации.

Со ликовна дејност во СР Македонија се занимаваат следниве музејски институции:

1. *Музеј на современа уметност „Скопје" — Скопје.* — Музејот поседува 4 збирки: на графики, слики, скулптури и применета уметност од југословенски, македонски и светски автори. Музејот има постојана изложбена поставка „Меѓународна современа ликовна уметност" и „Современа македонска ликовна уметност", во која се изложени 312 дела (слики, цртежи, графики, таписерии) од 272 автори.

2. *Уметничка галерија — Скопје.* — Галеријата поседува 3 збирки: средновековна, македонска и југословенска ликовна уметност. Галеријата има постојана изложбена поставка „Македонска ликовна уметност", во која се изложени 250 дела од сите ликовни дисциплини.

3. *Уметничка галерија — Битола.* — Галеријата поседува 3 збирки: југословенска современа графика, македонска современа уметност и дела од познати југословенски ликовни уметници.

4. *Музејска збирка во Ресен.* — Во рамките на збирката дејствува Галеријата на народна и современа керамика, која содржи збирка од 350 експонати, од кои поголемиот дел се изработени во керамичката колонија. Дел од збирката е презентиран во постојните изложбени поставки во Домот на културата и во летувалиштето „Отешево".

5. *Галериска збирка на Никола Мартиноски во Крушево.* — Збирката содржи 61 дело од творечкиот опус на основоположникот на македонската современа ликовна уметност Никола Мартиноски, презентирани во постојната поставка.

6. *Галериска збирка на Вангел Коџоман во Струга.* — Збирката содржи дел од творечкиот опус на академикот Вангел Коџоман, кој е презентиран во постојаната поставка.

7. *Уметничка галерија — Куманово.* — Галеријата поседува 2 збирки: современа македонска уметност и посебна збирка дела работени во ликовната колонија „Прохор Пчински". Галеријата поседува 2 постојани поставки „Современа македонска уметност" во која се презентирани 70 ликовни дела, а од збирката на ликовната колонија „Прохор Пчински" во постојаната поставка се презентирани 40 ликовни дела.

8. *Уметничка галерија „Безистен" — Штип.* — Галеријата поседува збирка од 156 дела на современи македонски сликари, а во постојаната поставка се презентирани 53 слики, графики и скулптури.

9. *Галериска збирка во Струмица.* — Збирката содржи дела од современа југословенска и светска уметност работени во Струмичката интернационална ликовна колонија.

10. *Центар за современа ликовна уметност — Прилеп.* — Центарот содржи збирка од 220 современи ликовни творби работени во ликовните колонии: скулпторски симпозиум „Мермер", Студио за пластика во дрво, ателје за витраж и работилница за керамика.

11. *Галерија на икони во Штип.* — Галеријата содржи збирка од околу 280 икони и други предмети од применетата уметност, а во постојаната поставка во црквата Св. Богородица во Ново Село се презентирани 191 дело.

12. *Галерија на Икони во Крушево:* Галеријата содржи збирка од околу 30 икони на крушевските зографи од XIX век, презентирани во црквата Св. Јован.

Во музејските институции во СР Македонија се наоѓаат вкупно 7.953 дела подвижен музејски материјал од историјата на уметноста, од кој 6.274 дела од современата ликовна уметност и 1.679 од применетата уметност. Од овој фонд на музејски материјал, 528 од современата ликовна уметност и 77 предмети од применетата уметност се категоризирани во I категорија (според валоризацијата и категоризацијата на музејскиот материјал со својство споменик на културата извршени во 1980 година).

Треба да се одбележи дека во СР Македонија не постои целосен преглед на фондовите и збирките на дела од историјата на уметноста што се чуваат во музеите и галериите, освен репрезентативниот материјал кој постојано е изложен во музејските поставки. Ваквата состојба ја наметнува потребата од систематска и стручно католошко обработување и објавување на материјалот од областа на историјата на уметноста, бидејќи само на таков начин ќе се даде вистинска слика на вредностите на фондовите и збирките и во таков облик ќе може да ѝ користи на науката.

Во оваа смисла треба да се истакне и фактот дека поголемиот дел од музејскиот материјал од историјата на уметноста се наоѓа во депоата на музеите и галериите, а само мал дел, односно 1.326 дела или 16,6% се презентирани во постоњните изложбени поставки. Со оглед на тоа што музеите и галериите се ориентирани кон организирање повремени изложби на дела од нашите современи ликовни творци, материјалот што се наоѓа во депоата на музеите и галериите, во отсуство на организирање тематски изложбени поставки, неоправдано останува непрезентиран за пошироката јавност.

Имајќи ги предвид големиот број разни видови музејски институции, како и мошне нагласеното значење што му се посветува на развојот на историјата на уметноста кај нас, може да се констатира дека презентацијата на музејскиот материјал од историјата на уметноста не е доволно опфатена во постојните музејски и галериски поставки.

И покрај тоа што општите, односно комплексните музеи имаат одделенија за современа уметност, ниту еден нема реализирано постојана поставка од ликовната и применетата уметност.

Ваква е состојбата и со Уметничката галерија во Битола и галериските збирки во Прилеп и Струмица. Уметничките галерии во Скопје, Куманово и Штип, и покрај тоа што имаат постојани изложбени поставки, поради ограничениот изложбен простор што истовремено се користи и за организирање повремени, тематски, самостојни и групни изложби од современата ликовна уметност, не се во состојба да овозможат перманентна презентација на своите постојани поставки.

Ваквата состојба произлегува, пред сè, од сè уште нерешеното прашање на простор кај повеќе музеи во СР Македонија, отсуството на оваа проблематика во изготвувањето и реализацијата на концепциите на комплексните музејски поставки, како и недоволниот и несоодветен фонд на дела од ова културно наследство. Поради тоа, музеите и галериите се ориентираат кон организирање повремени, подвижни и тематски изложбени поставки од областа на современата ликовна уметност на одделни истакнати творци и на млади ликовни уметници од целата наша земја.

Во музеите и галериите во СР Македонија во 1981 година се организирани 107 изложбени поставки од современата ликовна уметност, од кои: 13 тематски, 36 подвижни и 58 повремени. Особено активна изложбена дејност имаат Уметничката галерија — Битола (32 изложби), Музејот на современата уметност „Скопје" и Уметничката галерија во Куманово (по 17 изложба). Од овие изложби музеите и галериите издале 66 каталози што претставуваат најголем дел од издавачката дејност на музеите и галериите во СР Македонија.

Ако се споредат показателите за одржаните повремени, подвижни и тематски изложби во изминативе 5 години, ќе заклучиме дека ликовната уметност во СР Македонија постигнува завидни резултати и добива сè поголеми размери и присутност во севкупниот културен живот во Републиката.

Така, во 1978 година се реализирани 150 изложби, во 1979 повеќе од 160, во 1980 околу 180, во 1981 повеќе од 180 и во 1982 година над 200 изложби.

Средствата за одржување на ликовните изложби, главно, се обезбедуваат од Републичката заедница на културата и од општинските самоуправни интересни заедници на културата.

Републичката заедница на културата во 1978 година издвоила 1.011.500 динари, во 1979 — 1.595.880 динари, во 1980 — 2.730.000 динари, во 1981 — 3.937.617 динари и во 1982 година — 4.290.000 динари.

Во Социјалистичка Република Македонија, се одржуваат следниве ликовни манифестации:

1. Меѓународен центар за ликовно творештво — Прилеп: Интернационална сликарска колонија; Скулпторски симпозиум „Мермер"; Студио за пластика во дрво; Ателје за витраж; Работилница за керамика;
2. Струмичка интернационална ликовна колонија — Струмица;
3. Ликовна колонија „Прохор Пчински" — Куманово;
4. Ресенска колонија за керамика — Ресен;
5. Уметничка колонија „Тетекс" — Тетово;
6. Светска галерија на карикатури — Скопје;
7. Снежен град и карван — Маврово;
8. Графичка колонија — Гевгелија;
9. Ателје за цртежи — Штип.

ЦЕНТАРОТ ЗА СОВРЕМЕНА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ — ПРИЛЕП е нашата најстара ликовна манифестација. Ликовната колонија е основана во 1957 година, Скулпторскиот симпозиум „Мермер" во 1963, а Студиото за пластика во дрво во 1971 година.

Во изминативе 25 години во Ликовната колонија учествувале 245 уметници, од кои 128 од Југославија и 117 од странство.

Скулпторскиот симпозиум „Мермер" има постигнато значајни резултати, а во неговата работа учествувале голем број скулптори од земјата и од странство. Нивните дела се наоѓаат во Градскиот парк — Прилеп, во кругот на повеќе фабрики и институции, како и во Скопје, Битола и Валево.

Во Студиото за пластика во дрво, кое работи во Дрвно-индустрискиот комбинат „Црн Бор", досега престојувале 55 ученици, од кои 30 од странство. Со нивната работа е создаден фонд од 67 скулптури. Оваа збирка била презентирана во земјата, меѓу кои и во Белград: во Салонот „Цвиета Зузориќ".

ИНТЕРНАЦИОНАЛНАТА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА — СТРУМИЦА, формирана во 1963 година, исто така дава голем придонес во обогатувањето на ликовниот живот во Републиката. Заклучно со минатата година, во работата на оваа колонија учествувале околу 600 уметници, од кои 110 од странство, а создадени се повеќе од 1.300 дела.

Оваа година, во работата учествуваа 8 уметници од странство и 16 домашни творци, кои создадоа над 80 ликовни дела.

ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА „ПРОХОР ПЧИНСКИ" — КУМАНОВО е манифестација во рамките на меѓуопштинската и меѓурепубличката соработка на општините Куманово и Врање. Основана во 1964 година, оваа колонија ги одржува своите ликовни сесии во конаците на манастирот „Прохор Пчински" и е единствена манифестација со определена тема — историското минато и револуцијата на југословенските народи и народности.

Во нејзината работа вкупно учествувале околу 90 сликари, создавајќи околу 130 дела. Овие дела се презентирани во Куманово, Врање и во нивните збратимени градови.

РЕСЕНСКАТА КОЛОНИЈА ЗА КЕРАМИКА е сместена во туристичкиот комплекс Отешево и работи во рамките на Работничкиот универзитет од Ресен.

Колонијата почна со работа во 1973 година, во регион за кој науката потврдила дека во произведувањето и обликувањето на утилитарните и декоративните предмети од глина и постои непрекинат континуитет и богато наследство од минатото.

Збирката содржи стотици предмети, од кои голем дел се презентирани во Белград, Скопје, Охрид, Суботица и Ресен.

УМЕТНИЧКАТА КОЛОНИЈА „ТЕТЕКС" — ТЕТОВО работи во составот на Текстилната фабрика „Тетекс" и постигнува завидни резултати во оваа специфична гранка од применетата уметност. Во работата на оваа манифестација учествувале голем број уметници од Републиката и земјата кои претежно се занимаваат со индустриски дизајн.

ГРАФИЧКАТА КОЛОНИЈА — ГЕВГЕЛИЈА е основана во 1980 година и во првата сесија учествувале 7 уметници од СР Македонија, СР Хрватска и СР Црна Гора. Минатата година бројот на уметниците се зголемил, а од презентираните дела се изведува заклучок дека манифестацијата претставува успешен полигон за работа.

БИЕНАЛНОТО СТУДИО ЗА ЦРТЕЖ — ШТИП, основано во 1981 година, е најмлада манифестација во Републиката. Во сесијата на оваа манифестација во 1981 година учествувале 11 сликари и создале 23 цртежи, а оваа година бројот на учесниците и по обем и по квалитет бележи пораст.

Траењето на манифестацијата е различно. Најдолго траат Центарот за современа уметност — Прилеп (40 дена), Светската галерија на карикатури — Скопје и Ателјето за цртеж — Штип (по 30 дена), Струмичката ликовна колонија и Ресенската керамичка колонија (по 20 дена), Графичката колонија — Гевгелија (15 дена) итн.

Средства за одржување на овие манифестации се обезбедуваат од: сопствени приходи, организации на здружен труд, од општинските заедници на културата, Републичката заедница на културата и од други организации и заедници.

За одржување на 5 ликовни манифестации, Републичката заедница на културата во 1981 година издвоила 660.000, а во 1982 година 790.000 динари.

Според неполни податоци, најголем е делот средства што се издвојуваат од Републичката заедница на културата.

Меѓурепубличко-покраинска културна соработка во областа на ликовната дејност се реализира преку Музејот на современата уметност и традиционалните ликовни манифестации: Меѓународниот центар за ликовно творештво — Прилеп, Струмичката интернационална ликовна колонија, Ликовната колонија „Прохор Пчински" — Куманово, и Ресенската колонија за керамика.

Ликовната уметност во светот е презентирање преку разни форми: колективни изложби на југословенски уметници, колективни изложби на македонски уметници, индивидуални изложби, учествува на меѓународни ликовни манифестации. Во тој склоп, неколку десетици современи македонски уметници се имаат претставено пред публиката речиси во сите земји во светот. Особена активност е забележена во презентирањето на нашето ликовно наследство и преку одделни изложби и во склоп на општојугословенските настапи. Во времето од 1971 година, СР Македонија има настапено во странство во разни форми, со 30 ликовни изложби, од разни автори, периоди и области на ликовното творештво — во Париз, Букурешт, Рим, Штутгарт, Лондон, Тилбург (Холандија), Хановер, Хамбург, Виена, Единбург, Грац, Њујорк, Берлин, Леѓница (Полска), Рим, Брисел, Стокхолм и други. На овие настапи се презентирани современо ликовно творештво, копии на фрески, оригинални експонати на резба, етнографски материјал, народната уметност на Македонија, уметнички фотографии.

Значајна улога во оваа област имаат меѓународните ликовни колонии во Прилеп и Струмица што овозможуваат запознавање и контакти со повеќе десетина сликари и скулптори од сите континенти.

Со Законот за фондот за унапредување на ликовната уметност „Моша Пијаде" е определена политиката на распределба и намените на средствата од фондот — за доделување стипендии во областа на ликовните уметности (за усовршување на ликовните уметници во земјата и за студиски патувања на ликовни уметници во странство); за

помагање на меѓурепубличките манифестации во ликовната уметност и за помагање на други акции од општо значење за развојот и ликовните уметности во нашата земја.

Од овој фонд од СР Македонија континуирано се испраќаат стипендисти на соодветни специјализации во странство: во 1975 година — 3 уметници (сликар, скулптор, графичар); во 1976 година — 3 уметници (2 сликари и 1 скулптор); во 1977 година — 2 уметници (1 сликар, 1 скулптор); 1978 година — недостига податок; 1979 година — 1 уметник (сликар); во 1980 година — 4 уметници (2 сликари, 1 историчар на уметноста).

Овој фонд исто така даде свој придонес и во формирањето на неколку ликовни галерии во земјата.

И покрај објективните и субјективните проблеми и слабости во ликовната дејност, сите овие изложби и манифестации го потврдуваат квалитетот, брзиот интензивен подем и пробив на нашиот ликовен израз што се осмислува, потврдува и афирмира во континуирано и хармонично заедничко проникнување во југословенските и светските уметнички простори.

